# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 25. Ноември 2004 година<br>Службен гласник број **10**<br>Овој примерок чини 150 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп<br>300020000209652<br>ЕДБ 4021996117695 |
| ***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk*** | | |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОЦИТЕ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КОНЕЧНИОТ ДЕЛБЕН БИЛАНС НА ЈКП "КОМУНАЛЕЦ" - ПРИЛЕП СО СОСТОЈБА 30.06.2004 ГОДИНА**

1. Заклучоците за усвојување на Конечниот делбен биланс на ЈКП "Комуналец" - Прилеп со состојба 30.06.2004 година се објавуваат во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1574/1
25.11.2004 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Сашо Пирганоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 22.11.2004 година, претресувајќи го Конечниот Делбен биланс на ЈКП "Комуналец" - Прилеп, со состојба 30.06.2004 година, ги донесе следните:

**З А К Л У Ч О Ц И**

1. Се усвојува Конечниот Делбен биланс на ЈКП "Комуналец" - Прилеп, со состојба 30.06.2004 година.

2. Се задолжуваат директорите на трите јавни претпријатија и тоа: ЈКП "Комуналец" - Прилеп, ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп и ЈКП "Пазари" да го спроведат овој Конечен Делбен биланс.

3. За определени проблеми кои ќе се јават при спроведувањето на Конечниот Делбен биланс, а не се регулирани со овој Конечен Делбен Биланс, директорите меѓусебно да соработуваат и со заеднички договор да ги решаваат настанатите проблеми.

4. Заклучоците да се достават до ЈКП "Комуналец" - Прилеп, ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп, ЈКП "Пазари" - Прилеп, Градоначалникот на Општина Прилеп и архивата на Општина Прилеп.

5. Заклучоците ќе се објават во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1552/2
22.11.2004 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ СО СИСТЕМОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТИТУВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНИ КОЛИЧИНИ НА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ ЗА ГРАД ПРИЛЕП - ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА "ВАРОШ"**

1. Одлуката за пренесување на правото за управување и користење со системот за обезбедување и пречиституавње на дополнителни количини на вода за пиење за град Прилеп - пречистителна станица "Варош",

се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1574/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пирганоски

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 14 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 22.11.2004 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за пренесување на правото на управување и користење со Системот за обезбедување и пречистување на дополнителни количини на вода за пиење за град Прилеп- пречистителна станица "Варош"**

Член 1

Правото на управување и користење со Системот за обезбедување и пречистување на дополнителни количини на вода за пиење за град Прилеп - пречистителна станица "Варош", во вредност од 25.000.000 денари се пренесува од Општина Прилеп на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп.

Член 2

Се задолжува ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп во согласност со соодветните стандарди и нормативи да управува со објектот од член 1 на оваа Одлука.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1552/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.11.2004 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОЦИТЕ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ПОТРЕБИТЕ И МОЖНОСТИТЕ ЗА ДОИЗГРАДБА НА ТРЕТАТА ЛЕНТА НА РЕГИОНАЛНИОТ ПАТ ГРАДСКО - ПРИЛЕП**

1. Заклучоците за усвојување на Информацијата за потребите и можностите за доизградба на третата лента на Регионалниот пат Градско - Прилеп, се објавуваат во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1574/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пирганоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 22.11.2004 година, претресувајќи ја Информацијата за потребите и можностите за доизгадба на третата лента на Регионалниот пат Градско - Прилеп, ги донесе следните:

**З А К Л У Ч О Ц И**

1. Се усвојува Информацијата за потребите и можностите за доизгадба на третата лента на Регионалниот пат Градско - Прилеп.

2. Советот на Општина Прилеп оценува дека овој патен правец се повеќе се експонира како неопходна патна врска на Пелегонискиот, Преспанскиот, Охридскиот и Кичевскиот регион, со централниот и југо- источниот дел од Македонија и понатаму со Грција, Бугарија и Блискиот исток.

Од таа причина се бара приоритет за негова реконструкција и доизградба на третата лента по целата предвидена должина од 30 км, за што треба да се направат реални согледувања и напори за обезбедување на соодветни финансиски средства и во наредната 2005 година.

3. Заклучоците со Информацијата да се доставаат до Владата на Република Македонија, Министерството за финансии, Фондот за магистрални и регионални патишта на РМ, Градоначалникот на Општина Прилеп и архивата на Општина Прилеп.

4. Заклучоците ќе се објават во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1552/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.11.2004 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА АВТО-ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за изменување на Одлуката за авто- такси превоз на патници во Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1574/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2004 година на Општина Прилеп
Прилеп Сашо Пиргоноски

Врз основа на член 54 став 1 алинеа 4 од Законот за превоз во патниот сообраќај ("Службен весник на РМ" бр. 68/2004) член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 20 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 22.11.2004 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за изменување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Прилеп

Член 1

Во Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 3/99 и 4/2001), членот 11 став 3 точките: 1, 2 и 3 се менуваат и гласат:

"1. Старт (почеток) на превоз ...... 10,оо ден.
2. За изминат км .......................... 20,оо ден.
3. Заштитна цена (првоз до 1 км) 30,оо ден.".

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1552/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.11.2004 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА 2005 ГОДИНА ЗА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Програмата за просторни и урбанистички планови за 2005 година за Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1574/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2004 година на Општина Прилеп
Прилеп Сашо Пиргоноски

Врз основа на член 22 став 3 од законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. бр.4/96,28/97,18/99, 53/01), член 9 од Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување урбанистички планови (Службен весник на РМ" бр. 2/02) и член 22 став 1 точка 3 од законот за Локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 52/95), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 22.11. 2004 година, донесе :

**ПРОГРАМА**
**ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА 2005 година**
**ЗА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

**I. ДОНЕСУВАЊЕ, ИЗМЕНУВАЊА И ДОПЛНУВАЊА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**

**А. ГЕНЕРАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**

**1. Измени и дополнувања на ГУП на Прилеп**

1.1.- Измени и дополнувања на ГУП на Прилеп на повеќе делови во однос на намената на површината во смисол на усогласување со постојната состојба и барања на граѓани за стопански објкети како и на делови од сообраќајното решение.

**2. Генерални урбанистички планови за стопански комплекси**

1. ГУП за стопански комплекс - во м.в."Тополка" на к.п . бр.2015 1.20 Ха

2. Гуп за стопански комплекс во К.О. Варош м.в. Падарница, на к.п. 1084,1803, 1802, 1805, 1799 1.5Ха

3. Гуп за стопански комплекс во К.О. Варош на К.П. бр. 2829 со површина од 1.5 Ха

4. Гуп за стопански комплекс во К.О. Варош со граници од К.П. бр. 1148/2 полски пат и пат Р513 кон М. Брод. со површина од 2,2 Ха

5. ГУП за стопански комплекс за производни погони -проширување на постоен стопански комплекс во К.О. Ново Лагово на К.П. бр. 125/2; 125/3; 126/1 и 126/2 1.0 Ха

6. ГУП за стопански комплекс за - фарма за крави на к.п. 620.

7. Гуп за стопански комплекс за производни погони во м.в. Долно Садово во К.О. Прилеп на к.п. бр. 4228/1 и бр. 4233/1 со површина од 2.20Ха како проширување на постоен ГУП за стопански комплекс .

8. - ГУП за стопански комплекс за придружни и услужни објекти и содржини на јавните патишта на РП 106 во м.в. Сарика на К.П. бр. 1645/1 во К.О. Прилеп (лево) мин. површина на опфатот 1,5 Ха

9. ГУП за стопански комплекс - слободна економска зона Ново Лагово .

10. ГУП за стопански комплекс - Чебрен.

11. Гуп за стопански комплекс за производни погони и придружни објекти на патот во К.О. Беровци во Општина Прилеп на К.П. бр. 1064, 1066, 1061/2, 1062/1 и 1062/2 со вкупна површина од 6.30Ха

**Б. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**

**1. Ревидирање на детални урбанистички планови**

**2. ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП**

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр.**1** ; Урбан блок 1/3 ; урбан модул 1. со граници : ул."Нил Амстронг", "Козјак", и "Мукос") - 1.5Ха.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. 1; Урбан блок 1/3; урбан модул 2. со граници ул. "Мукос", "Целе Мавроски" и "Нил Амстронг" со површина од 3.00Ха.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр.**1** (3); Урбан блок 1/3; урбан модул 2. со граници Ул. "Марксова", "Шаќир Војвода", "Поп Спасе Игуменов" и "Јуриј Гагарин" - 1.20Ха.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **2** Урбан блок 2/1; урбан модул 1. со граници ул. "Егејска", "Кузман Јосифоски", "Марксова" "Самоилова" 15.0Ха, урбан модул 2. со граници ул "Самуилова" и друга намена.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **2** - Урбан блок 2/2 - урбан модул 1 со граници ул."В. Јанкулоски Стариот"; ул. "Кузман Јосифоски", ул. "Самуилова" и ул. "Војводинска" со површина од 4.5Ха.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **2** - Урбан блок 2/3 - 29.70Ха, дел, урбан модул 1. со граници ул. "Војводинска" и површина со друга намена , урбан модул 2. со граници ул."Војводинска" ул."Струшка" бул. "М. Тито" и површина со друга намена со површина од 8.0Ха.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **5** - Урбан блок 5; урбан модул 1. со граници ул. "Мице Козар", "Новопроектирана", "Браќа Шемкоски", "11 -ти Октомври" - 2.4Ха.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **5** - Урбан блок 5; урбан модул 2. со граници ул. "Тризла", "Авала", "Кораб" - 1.0Ха.

**-** ДУП за град Прилеп за дел од УАЕ бр. **6**; Урбан блок 6 ; урбан модул 1. со граници ул. "Марксова", ул. "Тризла", ул. " Круме Волнароски" и ул. "Мице Козар" - 11.6Ха.

**-** ДУП за град Прилеп за дел од УАЕ бр. **6**; - Урбан блок 6 ;- урбан модул 2. со граници ул."Мице Козар", ул. "Пиринска" ул ."11 Октонври" со површина од 3.3Ха, урбан модул 3. со граници ул."Стеван Јошески", ул. "Пиринска" ул ."11 Октонври" со површинаод 1.2Ха.

**. -** ДУП за град Прилеп за дел од УАЕ бр. **7**; - Урбан блок 7 ; урбан модул 1 со граници ул. "Оцка Михајлоски" ул. " Круме Јоскоски" ул. "Ленин" и ул. "Кузман Јосифоски" со површина од 1.6Ха

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **8**; Урбан блок 8/2 ; урбан модул 1. со граници од ул. "Димо Наредникот", ул. "Андон Слабејко", Река Оревоечка, до мост на железничка пруга - 3.5Ха и урбан модул 2. со граници ул. "Моша Пијаде", ул. "Трајко Николоски", железничка пруга и полски пат - 3.50Ха.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **8**; Урбан блок 8/1; урбан модул 1. со граници ул. "Бидимаш", "Борка Стеваноски", "Андон Слабејко", "А. Спиркоски Џемо" и железничка пруга - 3.4 Ха.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **8**; Урбан блок 8/2; урбан модул 3. со граници ул. Сотка Ѓорѓиоски", "Пецо Спиркоски", "Киро Ќосески", "Менде Бошкоски", Кеј "9-ти Септември" - 1.00Ха.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **8**; Урбан блок 8/1 ; урбан модул 3. со граници од ул. "Борка Стеваноски", ул. "Киро Фетак" , ул. "Ильо Попадинец" и ул . "Бидимаш" со површина од 1.50Ха.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **9**; Урбани блокови 9/1 - 30.53Ха и 9/2 - 24.70Ха.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **10**; Урбан блок 10; урбан модул 1.- со граници ул."Борис Кидрич", ул. "К.П.Мисирков", "Крушевска" - 1.80Ха.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **10**; Урбан блок 10; урбан модул 2.- со граници ул."Диме Димески", ул. "Црвени стени","Душко Наумоски", "Киро Крстески Платник" - 2.00Ха.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **10**; Урбан блок 10; урбан модул 3.- со граници ул."11-ти Октомври", ул."Крушевска","М.Цепенков", "К.К.Платник" - 3.60Ха.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **10**; Урбан блок 10; урбан модул 4. со граници ул."Борис Кидрич", ул. "К.П.Мисирков", "Кеј 4-ти Јули" - 2.50Ха.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **11**; Урбан блок 11/1 - урбан модул 1 со гарници ул."Победа и друга намена.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **11**; Урбан блок 11/2 ; урбан модул 1. со граници од ул."Партизански одреди" ул. "Едвард кардељ" ул. " Февруарски поход" и Кеј "19-ти Септември" со површина од 2.0Ха.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **11**; Урбан блок 11/3 - 24.00Ха.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр.**13**; Урбан блок 13; урбан модул 1. со граници ул. "Моша Пијаде", ул. "М.Ацев", ул. "Пере Темелкоски" и ул. "11 Октомври" крак - 2.2Ха.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **13**; Урбан блок 13; урбан модул 2. со граници Ул. "Сотка Ѓорѓиоски", "Моша Пијаде", "Скопска" и "Ордан Чопела" - 0.70Ха.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **13**; Урбан блок 13; урбан модул 3. со граници од Кеј"9 -ти Септември", ул. "Борка Талески", ул. "Моша Пијаде", ул. "Орде Чопела" и ул. Кеј "9-ти Септември"- крак - 2.50Ха.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **13**; Урбан блок 13; урбан модул 4. со граници од Кеј"9 -ти Септември", ул. "Борка Талески", ул. "Моша Пијаде", ул. "Републиканска" - 2.50Ха.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **13**; Урбан блок 13/ ; урбан модул 5. со граници од Кеј"9 -ти Септември", ул. "Мирче Ацев", ул. "Страшо Пинџур", ул. "Димче Ацев" - 2.00Ха.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **13**; Урбан блок 13 ; урбан модул 6. со граници од ул."Мирче Ацев" ул. "Страшо Пинџур" ул. "Тоде Крстески" и ул. "Пере Темелкоски" со површина од 2.0Ха.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **13**; Урбан блок 13 ; урбан модул 7. со граници од ул."Моша Пијаде", "Орде Чопела" и ул. "Скопска" .

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **14**; Урбан блок 14 - 29.39Ха.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр.**15**; Урбан блок 15/1; урбан модул 1. со граници ул. "Цане Коњарец", "Иво Лола Рибар" - 0.75 Ха.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр.**15**; Урбан блок 15/1; урбан модул 2. со граници ул. "Цена Џинорозо", "Прохор Пчински", Лазо Филипоски"- 2.0 Ха.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **15**; Урбан блок 15/1; урбан модул 3. со граници ул. "Моша Пијаде", "Цане Коњарњц", "Битолска".

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **15**; Урбан блок 15/1; урбан модул 4 со граници ул. "Битолска", ул."Цане Коњарњц", ул."Кире Гаврилоски" и ул."Лазо Филиповски".

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **16**; Урбан блок 16/1; урбан модул 3. со граници Ул. "Мара Јосифоска", "Моша Пијаде", "Илија Игески" и "Ристо Крле"- 1.00Ха.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **16**; Урбан блок 16/1; урбан модул 4. со граници ул. "Димитар Влахов", "Вера Циривири", "Стефан Базеркоски", "Кичевска","Благоја Николоски" - 1.20Ха.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. 16; Урбан блок 16/1; урбан модул 5. со граници ул. "Круме Спиркоски", "Вера Циривири", "Блага Ружето" и ул. "Борка Талески" - 1.20Ха.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **16**; Урбан блок 16/1; урбан модул 6. со граници ул. "Моша Пијаде", ул. "Борка Талески", ул. "Енгелсова" и ул. "Илија Игески".

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **16**; Урбан блок 16/2; урбан модул 1. со граници ул. "Моша Пијаде", ул. "Мирче Ацев" и друга намена.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр.**17**; Урбан блок 17/4 ; урбан модул 1. со граници ул. "Моша Пијаде", "Козара", "Ѓорче Петров", "Пере Тошев", "Никола Тесла", - 1.30 Ха.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр.**17**; Урбан блок 17/4 ; урбан модул 3. со граници ул. "Моша Пијаде", "Сава Ковачевиќ"- крак, "Октомвриска" "Петта прилепска бригада" - 1.2Ха.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр.**17**; Урбан блок 17/4; урбан модул 2. со граници ул. "5-та Прилепска бригада" ул. "Ѓорче Петров" ул. "Никола Тесла" и ул. Новопроектирана - 2.0Ха.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **18**; Урбан блок 18/2 - 9.00 Ха.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **19**; Урбан блок19/2 - 33.39Ха.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **20**; Урбани блокви : 20/3 - 19.81Ха; 20/4 - 31.73Ха; 20/5 - 13.55Ха.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **20**; Урбан блок 20/1 ; урбан модул 1. со граници од ул."Леце Котески", "Трајко Николоски" и површина со друга намена.

- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр.**21**; урбан блок бр. 21/2 со граници од ул. "Леце Котески" Бул. "М. Тито", новопроектирана улица и железничка пруга - 7.50Ха.

Површините на урбаните модули се дефинирани со оските на граничните улици.

**В. УРБАНИСТИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА НАСЕЛЕНИ МЕСТА и** ОПШТИ АКТИ

1 УДНМ за дел од н.м. Ново Лагово за к.п. бр. 67/1.
2. - Штавица
3. - Мало Коњари
4. - Ново Лагово
5. - Селце
6. - Оревоец

**Г. ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ** ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ, ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА И ТУРИСТИЧКО РЕКРЕАТИВНИ ЛОКАЛИТЕТИ (ШАТОРОВ КАМЕН И ВЕШТАЧКО ЕЗЕРО) .

**II. ПРОГРАМА ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

1. Просторен план на општина Прилеп - усогласување со Просторниот план на државата.

2. Туристичко - урбанистичка студија за зоната " Златоврв - Маркови Кули - Плетвар".

3. Урбанистичка документација за етнографска населба Штавица

**III. ИЗРАБОТКА НА ДРУГИ ПРОЕКТИ И ПРОГРАМИ ОД ЕКОЛОШКО И ДРУГО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ОПШТИНАТА ВО СОРАБОТКА СО НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ**

**IV. ИЗРАБОТКА НА НОРМАТИВИ И СТАНДАРДИ** за уредување и одржување на пешачките површини.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1552/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.11. 2004 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2005 ГОДИНА**

1. Програмата за уредување на земјиштето на подрачјето на Општина Прилеп за 2005 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1574/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пиргаsucceeded

Врз основа на член 45 од Законот за градежно земјиште („Сл. весник на РМ" бр.53/2001 ) и член 43 точка 7 од Статутот на Општина Прилеп („Сл.гласник на Општина Прилеп бр.6/03), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 22.11.2004 година донесе:

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2005 ГОДИНА**

**В О В Е Д**

ОВАА ПРОГРАМА СОДРЖИ:

1. Простор кој е предмет на уредувањето
2. Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште
3. Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура
4. Извори за финансирање на Програмата
5. Пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште
6. Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште и неговата распределба
7. Начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата
8. Средства наменети за изработка на урбанистички планови и средства за изработка на техничка документација за изградба на инфраструктурни објекти
9. Динамика на извршување на Програмата
10. Преодни и завршни одредби

1.Простор кој е предмет на уредувањето

Како простор што се уредува се смета, изграденото и неизграденото земјиште на подрачјето на Општина Прилеп, утврдено со Генералниот урбанистички план и Деталните урбанистички планови на град Прилеп и градежното земјиште утврдено со урбанистичка документација на населено место и општите акти што ги заменуваат плановите.

2.Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште

Со оваа глава се утврдуваат работите што го сочинуваат обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште.

Подготвување и расчистување на градежното земјиште опфаќа:

- Изготвување на Урбанистички планови и Проекти за комуналната инфраструктура
- Обезбедување на геодетска документација, подлоги и елаборати
- Изработка на елаборати за експропријација за изградба на објекти од комунална инфраструктура.
- Регулирање на имотно правните односи со сопствениците на имотите
- Програмирање на уредувањето

## 3. ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ ОД ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации опфаќа две подгрупи:

1. Опремување на земјиштето со објекти од основна инфраструктура, предвидени со ГУП и од заедничко користење
2. Опремување на земјиштето со објекти од секундарна инфраструктура, опфатени со ДУП од индивидуално користење на објектите
3. Опремување на земјиштето со објекти од заедничко користење опфаќа:
4. Основни градски сообраќајници (магистрални и собирни-тротоари и пешачки површини и зеленило)
5. Генерални водови за довод на вода до населбите, филтерски станици и други водоснабдителни објекти.
6. Генерални водови за одвод на отпадни и атмосферски води, пречистителни станици и други хидротехнички објекти
7. Електрична високонапонска мрежа и трафостаница над 10 КВ
8. ТФ мрежа

Средствата за проектирање и изградба на објектите од овој член се обезбедуваат од сопствени извори, републички средства, средства на стопански субјекти, самопридонеси и други извори на средства.

Опремување на земјиштето со објекти од индивидуално користење опфаќа:

- Сообраќајници (сервисни и станбени-тротоари и пешачки површини)
- Атмосферска и фекална канализација
- Водоводна мрежа
- Електрична нисконапонска мрежа Т5 од 10/04 КВ и в.н. ел.мрежа и улично осветление
- Тф мрежа до градежна парцела

Уредувањето на локацијата спрема изготвениот проект, пристапите на објектот од улица до влезовите на објектот, партерно уредување, приклучоците на објектот до приклучните места на секундарната мрежа: водовод, канализација, ел.мрежа, паѓаат на терет на инвеститорот, затоа што истите се составен дел на инсталациите на објектот и остануваат негова сопственост.

Доколку има претходно изградени инсталации во склоп на градежната парцела, и е потребно нивно изместување или нивна заштита, трошоците што ќе се направат паѓаат на товар на инвеститорот, односно на корисникот на локацијата.

**4. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

*ПРИХОДИ*

Уредувањето на градежното земјиште се финансира од средствата остварени од надоместоците за уредувањето и од други средства.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште претставува износ кој што корисникот на земјиштето, односно инвеститорот го плаќа пред да добие одобрение за градба.

Од средствата остварени од надоместокот за уредување на градежно земјиште и од други средства утврдени со Програмата за уредување на градежно земјиште се финансираат подготвителни работи, расчистување и опремување на градежното земјиште, а во согласност со Програмата за уредување на градежното земјиште.

Програмата за уредувањето на градежното земјиште за 2005 година се финансира преку следните извори на средства:

1.Средства од надоместок за уредување на градежно земјиште од корисници на земјиште за изградба на станбени, јавни, деловни,

производни објекти и вклопување на бесправно изградени објекти........................................25.000.000

2.Средства од надоместок за употреба на градежно земјиште .................. 3.000.000

3. Средства од Републиката

-Средства за изградба на водоводи и канализации...............................4.000.000

- Средства за заштита на води и ..........................................800.000

- Средства за изградба на објекти од инфрастуктурата од јавен интерес на Републиката (ЗГЗ Сл.весник на РМ бр.53/01 член 45)...........................................1.000.000

-.Средства од субјектите кои стопанисуваат со инфраструктурнитеОбјекти и мрежи ...................................................... 3.000.000

5. Вонредни приходи по разни основи ............................. ................................ 2.000.000

ВКУПНО : 38.800.000

**5.ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**

Во 2005 година во оваа Програма ќе бидат опфатени повеќе локалитети во градот и тоа:

1. Локалитети на кои ќе се регулираат обврските од претходните години
2. Локалитети на кои ќе се отпочни со градба во 2005 год.
3. Локалитети на кои ќе се вршат припремни работи за објекти кои ќе се градат во наредните години.

Уредувањето на градежното земјиште ќе се врши во зависност од динамиката на приливот на средствата, во обем и степен предвиден со оваа Програма на следниот начин.

А.- Изградба на објекти од општоградски карактер.

Б.-Изградба на објекти од комунална инфраструктура

В. - Реконструкција на објекти од комуналната инфраструктура и

Г. - Останати работи од областа на комуналното уредување.

**А. ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ ОД ОПШТОГРАДСКИ КАРАКТЕР ВО**

**ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2005 ГОДИНА**

1.Изградба на обални зидови на Градската река во долниот и горниот тек

2. Регулација на коритото на Градската река

3. Изградба на ободен канал „Сарика„

4.Изградба на ободен канал „Варош„

5.Партерно уредување на централното градско подрачје

6.Изградба на пречистителна станица

7.Изградба на депонија

8.Изградба на капела на градските гробишта

9.Реконструкција и одржување на Паркот на Револуцијата

10.Изградба на детски игралишта__________

В К У П Н О: 7.000.000 ден.

Реализацијата на објектите од општоградски карактер во Општина Прилеп за 2005 година, ќе зависи од приливот на средствата од Републичките фондови, сопствени средства и донации од Меѓународни институции.

# Б. ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ ОД КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

**Б.1. Изградба на фекална канализација**

1.Ул.Самоилова

2.Ул.Златибор и ул.Бл.Василески- комплет со девијација на постојна канализација од под касарни

3.Дел од улици од населба „Под кули" (Ц. Мавроски,В.Павлоски-Џгуре)

4.Ул.Гостиварска

5.Ул.Беровска-доизградба

6.Колектор - делница од мост на ул.Д.Наредникот до Сточно Пазариште (Кеј 9-ти Септември)

7.Романија

8.Делница по ул.Моша Пијаде (спроти парк Врбеско маало)

**Вкупно предвидени средства...... 5.000.000**

Техничка документација постои за објектите под точка 1 , за т. 2 и 3 е во тек на изработка, а за другите објекти треба да се изработи.

Изградбата на фекална канализација за објектите ќе зависи од приливот на средствата од Републичките фондови, сопствени средства и донации од Меѓународни институции.

## Б.2. Изградба на атмосферска и фекална канализација

1. Населба Варош
2. Канализационен систем за дел од населба Варош, западно од гробиштата, и зона за стопански комлекс во м.в.Тополка (проект: Собирен систем и мала пречистителна станица)
3. Населба Тризла - затворање на отворен канал во цевовод на потег од ул.Тризла до ул.Беровска
4. Делница на ул Тризла-потег меѓу ул.Беровска и ул.Авала)
5. Мечкин Камен-дел (потег од ул.М. Патчев до ул.3-ти Ноември)
6. Архимедова, Преспанска, Слобода
7. Славеј Планина и Фрушка Гора - доизградба
8. Населба Чачорица- доизградба
9. Македонска, Рампо Стојаноски, Динара, Иво Л.Рибар
10. Раде Ианоски - доизградба
11. Населба покрај железничка пруга до ул.Трајко Николоски во УАЕ 8-дел

**Вкупно предвидени средства....10.700.000**

За објектите под точка 1, 4, 5, 6 и 7 има техничка документација, за точка 2, 3, 8, 9,10 и 11 нема изработено техничка документација, потребно е да се изработи.

**Б3. Изградба на водоводни линии**

1. По ул.Победа (од ул.Б.Кидрич до ул.5-та Прилепска Бригада) - втора фаза од ул.Ј.Јорданоски до ул. 5-та Прилепска Бригада

2.Дел од прстенеста мрежа (Д=400 мм), потег меѓу чвор над Градска болница и чвор кај Спортска сала Македонија (Ул.И.Л.Рибар со ул.Цане Кузманоски)

3.Водоводна линија - крак од резервоар Варош за поврзување на Стопански комлекс во м.в.Тополка за вода за пиење

4.Водоводни линии на делови од улици каде се подмирени трошоци за комунално уредување.____________2**.000.000**

Техничка документација има само за водоводна линија под точка 1 за другата се предвидува да се изработи.

Средства за нивна реализација ќе се обезбедат од Локална самоуправа, со донации од Меѓународни институции и ЈКП Водовод и канализација Прилеп како субјект што стопанисува со овие објекти.

**Б4. Изградба на ел.мрежа**

1.НН мрежа за инд. станбени објекти на ул.Григор Прличев ..500.000 ден.

2.НН мрежа на крак од Бул.Гоце Делчев ............................... 35.000 ден.

3.НН мрежа (продолжување) на различни делови од градот каде се подмирени трошоци за ком. уредување ................ 150.000 ден.

4.НН мрежа во населени места (продолжување)..................... 100.000 ден

---

Вкупно: 785.000 ден.

Средства за нивна реализација ќе се обезбедат од Локална самоуправа, со донации од Меѓународни институции и ЕСМ - Електродистрибуција Прилеп, како субјект што стопанисува со овие објекти.

**В.РЕКОСТРУКЦИЈА НА ОБЈЕКТИ ОД КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА**

**В.1.Канализации**

1.Реконструкција – зафатни шахти по ул.Пчиња и Динара

2.Потег од ул.Цане Коњарец до ул.Иво Лола Рибар

Ул. Димо Наредникот - Потег од Булевар Гоце Делчев до ул.Ленин и од ул.Ленин до ул.Егејска

3.Интервенции на сливници на канализации во градот.

**В.2.Водоводи**

1. Реконструкција на водоводната мрежа во град Прилеп за потребите на Проектот на КФЊ банка.

2. Кратки потези на водоводни линии на барање на граѓани____________________
Вкупно : 2.000.000

Овие зафати предвидено е да се изведуваат со средства од Локална самоуправа и ЈКП Водовод и канализација Прилеп како субјект што стопанисува со овие објекти.

**<u>ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ ОД КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО НАСЕЛЕНИ МЕСТА</u>**

**КАНАЛИЗАЦИОНИ СИСТЕМИ ВО НАСЕЛЕНИ МЕСТА**

**Фекална канализација и мали пречистителни станици**

2.1. Мало Коњари

2.2. Големо Коњари

2.3.Кадино Село

2.4.Галичани

2.5. Беровци

2.6. Мажучиште

2.7. Селце

2.8.Ново Лагово

2.9. Ореовец

Техничка документација нема изработено. Се предвидува да се изработи.

Средства ќе се обезбедат од донации од меѓународни организации, учество на месното население и Локалната самоуправа.

**<u>ВОДОВОДИ ВО НАСЕЛЕНИ МЕСТА</u>**

1. с. Штавица-доизградба

2. с.Големо Радобил - доизградба

3. с. Волково - доизградба

4. с. Прилепец

5. с. Лениште

6. с. Мало Радобил

7. с. Присад

8. с. Никодин

9. с.Тројаци

10. с.Топлица

11. с.Мало Рувци

12. с.Ракле

Техничка документација има изработено за објектите од т.1 до т.8.

Средствата за нивна реализација се обезбедуваат од Републиката, донации од Меѓународни организации и Месното население.

## *Г. ОСТАНАТИ РАБОТИ ОД ОБЛАСТА НА КОМУНАЛНОТО УРЕДУВАЊЕ*

1. Чистење диви депонии и канали............................... 700.000

2. Чистење на речно корито на делници кај вливови на атмосферски колектори........................... 900.000

3. Одржување и подигање јавно зеленило и јавни прометни површини 700.000

4. Изработка на проекти за изградба на објекти од комунална инфра-структура ........................................ 1.000.000

5. Расчистување на имотно правни работи.............................. 500.000

6.Подготвување и расчистување на градежноземјиште за Изградба инфрастуктурни објекти............................... 500.000

7.Финансирање на студии и проекти од општоградски интерес..... 800.000

8. Табли со имиња на улици и куќни броеви .........................................1.200.000

9. Пренесени обврски од претходни години

(Точниот износ ќе се утврди со Завршна сметка)........................... 5.000.000

<u>8. Банкарска провизија 15.000</u>

**В К У П Н О 11.315.000**

**Д. РЕКАПИТУЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА РАСХОДИТЕ**

1.Изградба на објекти од општоградски карактер .....................................7.000.000

2.Изградба на објекти од комунална инфраструктура на град Прилеп ........ .....................................................18.485.000

3. Реконструкција на објекти од комунална инфраструктура ....................................................... 2.000.000

4. Останати трошоци ..........1.1.315.000

В К У П Н О 38.800.000

РЕКАПИТУЛАЦИЈА

ПРИХОДИ ............................**38.800.000**
РАСХОДИ.............................**38.800.000**

Во финансирањето на реализацијата на задачите наведени во глава 5 ќе учествуваат и субјектите што стопанисуваат со објектите од инфраструктурата, покрај учеството во делот за реконструкција на објектите од комунална инфраструктура, инвестиционо одржување на истите, и во идна изградба на инфраструктурни објекти и мрежи, каде наплатениот надоместок за уредување на градежно земјиште не е доволен за локалитетите каде не е изградена инфраструктурната мрежа. При тоа субјектите кои стопанисуваат со објектите од инфраструктурата добиваат нови корисници на нивните услуги.

**6.ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВА РАСПРЕДЕЛБА**

Појдовната големина за пресметување на надоместокот за уредување на градежното земјиште се утврдува со Програмата за уредување на градежното земјиште.

Пресметувањето на надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се врши по 1м2 нето корисна површина според важечките технички нормативи согласно член 6 од Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост (Сл.весник 80/2001 и 85/2001).

Не се плаќа надомест за уредување на градежно земјиште за објекти кои претрпеле штети од елементарни непогоди (пожари, поплави, снегови, земјотреси), до висина на нето површината на оштетениот објект, објекти на Месна самоуправа, објекти на Локална самоуправа, објекти кои ќе се градат од средствата за уредување на градежното земјиште и објекти ослободени со Одлука на Советот на Општина Прилеп.

Јавните претпријатија кои вршат комунални дејности на подрачјето на Општина Прилеп, плаќаат за уредувањето на градежното земјиште во висина од 30% од вредноста на објектите од комуналната инфраструктура што се градат, а се од нивна надлежност.

Плаќањето од 30% се користи за уредување на градежното земјиште, а се уплаќа на сметка на Буџет на општина.

По иницијатива на жителите на градот и населените места, а во услови кога истите се заинтересирани со месен самопридонес да учествуваат во уредувањето на градежното земјиште ќе учествува со 50% од вредноста на комуналните објекти и инсталации.

Меѓусебните права и обврски за уредувањето на градежното земјиште врз основа на решението за доделување на земјиштето, услови за градба и главен проект заверен од МТВ - ПЕ Прилеп, се уредуваат со Договор склучен помеѓу инвеститорот и Градоначалникот на Општината.

Договорот за уредување на градежното земјиште го потпишува Градоначалникот на Општината.

Ако инвеститорот не сака да склучи Договор, а користи макар и делумно уредено земјиште, плаќањето на надоместокот за уредување на градежното земјиште се врши по сила на Закон и оваа Програма, по судски пат надлежен е Основниот суд Прилеп.

Доколку при изградбата инвеститорите отстапуваат од техничката документација а се здобиле со нова станбена или деловна површина должни се да платат соодветна разлика. Истата се уредува со Анекс договор за уредување на градежното земјиште за ново изградената површина според утврдениот надоместок во моментот на плаќањето, а по претходно добиена уредна техничка документација од страна на надлежниот орган.

За објектите чиј габарит е содржан во Деталниот урбанистички план, а е изграден без уредна техничка документација, ќе се плаќа надоместок за уредување на градежното земјиште утврден со Програмата, а по претходна добиена уредна техничка докуемнтација од надлежниот орган, согласно фактичката состојба на објектот.

До колку вкупниот пресметан упросечен надоместок за конкретната локација не ги покрива трошоците за уредување на истата, надоместокот ќе се плаќа по стварно направените трошоци, по посебен трошковник, за уредувањето на локацијата и на соодветниот дел од пошироката локација што ќе се регулира со Анекс кон договорот за уредување на градежното земјиште.

Без добиена потврда од надлежниот субјект дека се целосно измирени обврските за надоместок за уредување на градежното земјиште, инвеститорот не може да добие дозвола за употреба на објектот и приклучоци на комуналната инфраструктура.

**6.1.ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ**

Надоместокот за уредување на градежното земјиште се пресметува според посебни пресметки за секој објект што ќе се гради, а врз основа на вистинските трошоци за уредување на градежното земјиште, односно според единица површина на објектот во зависност од намената и зоната во која што објектот ќе се гради .

Границите на зоните за наплата на надоместокот за уредување на градежно земјиште утврдени се во член 11 од Одлуката за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Прилеп.

## Градежен реон на градот

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Станбени објекти - семејни куќи и станбени структури<br><br>- **I** зона и екстра зона<br><br>- **II** зона<br><br>-**III** зона | 25 Е/м2<br><br>20 Е/м2<br><br>17 Е/м2 |
| | - Станбени простории | Коефициент 1.0 |
| | Станб.Простории со Н до 2,5 м1(поткровје)<br><br>-Логија, балкони<br><br>- Помошни простории, остава за гориво,<br><br>котлара, трафостаница во објектот, визба<br><br>- Гаражи | Коефициент 0.1<br><br>Коефициент 0.2<br><br>Коефициент 0.3<br><br>Коефициент 0.1 |
| 2. | Административно-деловни објекти<br><br>Екстра зона<br><br>I зона<br><br>**II** зона<br><br>**III** зона | 45 Е/м2<br><br>30 Е/м2<br><br>25 Е/м2<br><br>22 Е/м2 |
| | - Простории<br><br>-Магацини, простории во<br><br>визба<br><br>- Гаража | Коефициент 1.0<br><br>Коефициент 0.4<br><br>Коефициент 0.1 |
| 3. | Индустриски објекти, производни погони | 30 Е/м2 |
| | - Простории<br><br>- Магацини, простории во визба<br><br>- Гаражи | Коефициент 1.0<br><br>Коефициент 0.4<br><br>Коефициент 0.1 |
| 4. | Објекти од јавен карактер | 25 Е/м2 |

| | | |
|---|---|---|
| | -Простории<br><br>- Магацини, простории во визба<br><br>- Гаражи | Коефициент 1.0<br><br>Коефициент 0.4<br><br>Коефициент 0.1 |
| 5. | Други објекти:<br><br>-Катна гаража<br><br>- Спортски покриени објекти<br><br>- Отворени пазаришта | Коефициент 0.2<br><br>Коефициент 0.5<br><br>20% од површината |

Износите ќе се плаќаат во денарска противвредност на денот на наплатата по средниот курс на НБ на РМ.

За вклопување на бесправно изградените објекти, плаќањето може да се врши на рати со што одобрението за градба ќе се добие после целосно исплатен надоместок за уредување на градежно земјиште.

**6.2. Распоред на надоместокот за уредување на градежно земјиште**

Во зависност од опременоста и опремувањето на градежното земјиште процентуалното учество на инфрастуктурните објекти и инсталации во уредувањето на градежното земјиште ориентационо изнесува:

- Објекти и инсталации од заедничко користење 30 %.
- Објекти и инсталации од индивидуално користење 70 %, од кои за:фекална канализација 23 %, атмосферска канализација 30 %, водовод 6 %, ННМ (без трафостаница) 5 %, коловоз асфалт 27 %, тротоари 9 %.

Конкретното распоредување на надоместокот за уредување ќе се определува посебно (имајќи ја во предвид горната табела) за секоја локација или комплекс на објекти, а посебно во зависност од тоа какви комунални објекти се изградени или таквите се градат.

Овој распоред на надоместокот за уредување на градежното земјиште се однесува и за надоместокот што е платен од претходни години.

Сопственикот на градежното земјиште мора да обезбеди согласност за приклучување на објектот на соодветната секундарна мрежа за индивидуална потрошувачка од соодветното комунално претпријатие. Доколку не добие писмена согласност од комуналното претпријатие Општината ќе склучи Договор за регулирање на надоместокот за уредување на градежното земјиште, само за оние секундарни мрежи од индивидуална потрошувачка за кои има писмена согласност.

**6.3. Надоместок за претходни работи во уредувањето.**

Инвеститорите на комуналните објекти и инсталации: улици, канализација, водовод, електромрежа, ПТТ мрежа и други видови објекти и инсталации на кои не се засметува надоместок за уредување на градежно земјиште ќе плаќаат надоместок за претходни работи во висина на вредноста на градежните работи и тоа за вредност:

До 100.000 ден....................................1%

Од 100.000 ден. До 500.000 ден.... 0,6 % но не помалку од 1.000 ден.

Од 500.000 ден. До 1.000.000 ден. .0,5 % но не помалку од 3.000 ден.

Од 1.000.000 ден.до 5.00.000 ден.. 0,3 % но не помалку од 5.000 ден.

Над 5.000.000 ден .......................... 0,2 %

Инвеститорите на градежни и градежно занатски работи на објектите, тековно и инвестиционо одржување, поправки, адаптации, урбано-санациони мерки и сл. работи на кои не се засметува надоместок за уредување на градежното земјиште ќе плаќаат надоместок за претходни работи во висина од 1% од вредноста на градежните и градежно занатските работи, но не помалку од 1.000 денари.

Од обврска за плаќање на надоместокот за претходни работи во комуналното уредување ослободени се инвеститорите на објекти кои се градат со средства на солидарност, самопридонеси и објекти кои се градат од средствата за уредување на градежното земјиште.

Средствата што ќе ги плаќаат инвеститорите се пресметуваат врз основа на соодветни пресметки што ќе ги прави Одделението за комунално уредување на Локалната самоуправа, а се уплаќаат на сметка на Општината.

Уплаќањето на средствата се врши пред издавање на Одобрение на градба.

**6.4. Надоместок за изградба на објекти во населени места**

Инвеститорите на станбени објекти, јавни, деловни, стопански и индустриски објекти, помошни простории, гаражи и сл. кои се градат во урбаното подрачје на населените места во Општина Прилеп, освен градот Прилеп ќе плаќаат надоместок за подготвителни работи во уредувањето на градежното земјиште во висина од 10 % од надоместокот од 3 зона во градот.

Овие инвеститори сами си го уредуваат градежното земјиште на потесната локација и си обезбедуваат приклучок на комуналните инсталации.

**6.5.Надоместок од објекти надвор од подрачјето утврдено со ГУП**

Инвеститорите на јавни, деловни, стопански и индустриски објекти, помошни простории, гаражи, полски куќи и сл.кој се градат на територијата на Општина Прилеп, надвор од населените места, подлежат на плаќање надоместок за уредување на земјиштето во висина од средствата за подготвителни работи за уредувањето на земјиштето, како и опремување на земјиштето со објекти и инсталации од заедничко користење, односно уредување на просторот.

Овој надоместок се определува во висина од 10% од висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште како кога би го плаќал тој надоместок за трета зона во градот Прилеп.

Овие инвеститори сами си го уредуваат градежното земјиште на потесната локација и си обезбедуваат прикучок на комуналните инсталации.

**6.6. Општи услови во уредувањето**

При изградба на нови објекти, за кои претходно треба да се порушат стари објекти, од површината која е предмет на наплата на трошоци за уредување на градежното земјиште, се одбива површината на постојниот објект, со што минималното учество во надоместокот за уредување, не може да биде помало од 50% од износот утврден со Програмата.

Во случај кога новиот објект зафаќа површина помалку од 50% од стариот објект се одбива само површината што ја зафаќа новиот објект, а остатокот по порушување на стариот објект.

Ако новиот објект не зафаќа површина од стариот објект кој се наоѓа во состав на истата градежна парцела, а стариот објект е предвиден за порушување, пресметката на надоместокот за уредување на градежното земјиште за новиот објект се пресметува 100%, а враќањето на дел од надоместокот за уредување на градежното земјиште по овој основ се врши после порушување на стариот објект во рок од 3 години согласно Законот.

Просториите со нето висина до 2,5 м (член 6 став 1 точка 1 алинеја 2 од Правилникот) се однесуваат само на простории во подкровје, а за површината на просторот во подкровје каде висината е 2,5 м и поголема се пресметува со коефициент 1,0.

Ако потпокривниот простор се изведува во повеќе нивоа, претходниот став се применува само за последното ниво сметано оддолу нагоре.

За паркиралишта во рамките на објект, корисната површина се множи со коефициент 0,1.

На инвеститорите кои платиле трошоци за комунално уредување на градежна парцела не им се засметува надоместок за уредување на градежно земјиште ако отстапиле од издадената урбанистичка согласност, за кое отстапување може да им се издаде дополнителна техничка документација, а истото не е поголемо од 10 %.

Инвеститорите на објектите до колку бараат да добијат ново решение за услови за градба, со кој инвеститорот се здобие со нов станбен или деловен простор, плаќаат надоместок за уредување на градежното земјиште согласно Програмата.

Наплатата на надоместокот за уредување на градежното земјиште се врши одеднаш по пресметка и договор за уредување на градежното земјиште.

**7.НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА**

**ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА**

За висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште, се склучува Договор за надоместок за уредување на градежно земјиште во писмена форма директно помеѓу корисникот на земјиштето од една страна и Општина Прилеп од друга страна, на заверена техничка документација и доставени согласности.

За објектите градени без регуларна документација, надоместокот за уредување на градежно земјиште се наплатува од сопственикот на градежно земјиште, само доколку истите се вклопуваат во Детален урбанистички план и добијат услови за градба и заверен проект.

Во случај кога градежното земјиште е уредено со изградена основна инфраструктурна мрежа, а во локалитетот каде се наоѓа градежната парцела нема донесено ДУП и не е целосно изградена секундарната инфраструктура, а сопственикот на земјиштето инсистира сам со свои средства да ја гради истата согласно оверена техничка документација за градење, должен е на Локалната самоуправа, за изградената основна мрежа, да и надокнади трошок во висина од 30 % од надоместокот за уредување на градежното земјиште утврден со Програмата, и да овозможи на идните сопственици на земјиштето приклучување на инфраструктурните мрежи без да му платат надомест. Инфраструктурната мрежа што ќе ја гради сам треба да биде технички примена од соодветното комунално претпријатие и истата да ја предаде на локалната самоуправа без надомест.

Трошоците за опремување и изградба на објекти од комуналната инфраструктура надвор од конкретната градежна парцела и трошоците за преместување на објекти од комуналната инфраструктура за индивидуална и заедничка комунална потрошувачка, што корисникот ги извел или ги изведува самоиницијативно без учество на Општината, а пред склучување писмени договори за регулирање на надоместок за уредување на градежното земјиште и писмен договор за изведување на објекти од комунална инфрастуктура, не се признаваат, освен во локалитетите каде биле бесправно изградени објекти, а со донесување на нови урбанистички планови, истите се вклопуваат.

За овие локалитети, мора да има исправна техничка документација за изградените објекти од инфрастуктурата, оверена од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи примени од јавните комунални претпријатија. При ова се признаваат само трошоците - делот од надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградената инфраструктурна мрежа од индивидуалната комунална потрошувачка.

Оваа изградена инфраструктурна мрежа мора да биде предадена на локалната самоуправа, да се овозможи приклучување на нови идни корисници на земјиштето без надомест, а новите корисници на земјиштето да и надоместат на локалната самоуправа целосен надоместок за уредување на градежното земјиште.

**8.СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ**

Општината целосно ја финансира изработката на техничка документација за градење на инфраструктурни објекти предвидени со оваа Програма.

За изработка на техничка документација за изгрдаба на објекти од општоградски карактер (пречистителна станица и сл.), покрај сопствени средства ќе се бараат донации од меѓународни организации и од Републиката.

**9.ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Динамиката на извршувањето ќе биде одредена од:

-Приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште и другите средства;

-Навремено изготвување на Урбанистичко техничката документација;

-Навремено распишување на конкурси и лицитации согласно Законот за Јавни набавки.

Опремувањето на земјиштето да отпочне од добивањето на одобрение за градба за објекти од комунална инфраструктура и воведувањето во владение на земјиштето.

**10.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

1.За спроведувањето на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општина Прилеп.

2.Програмата влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1552/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ

22.11.2004 година на Советот на Општина Прилеп

Прилеп Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2005 ГОДИНА**

1. Програмата за јавно осветлување на подрачјето на Општина Прилеп за 2005 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1574/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2004 година на Општина Прилеп
Прилеп Сашо Пиргахоски

Согласно член 22 став 1 точка 4 од Законот за Локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), член 14 став 1 точка 4 и член 26 став 1 точка 13 од Статутот на Општина Прилеп („Сл.гласник на Општина Прилеп„ бр.6/03) Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 22.11.2004 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
за јавно осветлување за 2005 година на подрачјето на Општина Прилеп

Со оваа Програма се утврдуваат работите по однос на јавното осветлување на територијата на Општина Прилеп, кои се предвидуваат да се одвиваат во три нивоа:

1.Контрола
- на потрошена електрична енергија
- на техничка исправност на светилките и инсталации

2.Проширување на ниско напонска мрежа-улично осветлување

3.Одржување на уличното осветлување

Трите предвидени нивоа ќе се реализираат по Урбани единици, сукцесивно према извештајот од контролата а согласно прибраните средства.

Подружницата на АД Електростопанство на Македонија ги прибира средствата на име комунална такса за јавно осветлување и истите ги уплаќа согласно Законските прописи, на сметката на Буџет на Општина Прилеп – Програма комунално.

Спрема регистрираните потрошувачи на територијата на Општина Прилеп годишно се предвидува да се приберат 13.500.000 денари, кои ќе се распоредуваат за:

-Потрошена електрична енергија ..............................................................8.000.000 ден.
контрола............................ 1..000.000 ден.
-Проширување на НН мрежа за ул.осветлување................................ 1..700.000 ден.
-Одржување на улично осветление.......................................... 2.800.000 ден.

1. **Контрола**
- Потрошена електрична енергија
- евидентирање на број и местоположба на броилата
- евидентирање на состојба на броилата еднаш во месецот
- евидентирање на диви приклучоци на уличната мрежа
- **Техничка исправност**
- на мрежата
- на броилата
- на улични светилки
- на декоративни светилки
- на опремата

Извештајот на извршена контрола еднаш месечно.

2. **Проширување на нисконапонска мрежа за осветлување**
- Осветлување на постојни улици во градот каде до сега нема мрежа
- Ул.Павел Шатев – поставување на столбови
- Ул.Кеј 1-ви Мај – поставување на канделабри
- Ул.Кеј 9-ти Септември – поставување на канделабри
- Осветлување на новопроектирани улици во градот

3. **Одржување на улично осветлување**

а) улично осветление

б) декоративно осветлување

Набавката на материјалите и работната рака за предвидените работи по оваа Програма ќе биде извршена преку распишување на тендер.

Планиран материјал за тековно одржување на уличното осветлување

| Р. бр. | Име на | Един | Кол. |
|---|---|---|---|

| | материјалот | .мерка | |
|---|---|---|---|
| 1. | Комплет арматури 125 W | п. | 25 |
| 2. | Комплет арматури 250 W | п. | 15 |
| 3. | Комплет арматури 400 W | п. | 10 |
| 4. | Сијалици од 400 W | п. | 120 |
| 5. | Сијалици од 400 W (натриумови) | п. | 20 |
| 6. | Сијалици од 250 W | п. | 100 |
| 7. | Сијалици од 160 W | п. | 120 |
| 8. | Сијалици од 125 W | п. | 1500 |
| 9. | Сијалици од 80 W | п. | 50 |
| 10. | Пригушници од 400 W | п. | 20 |
| 11. | Пригушници од 250 W | п. | 15 |
| 12. | Пригушници од 125 W (затвор) | п. | 350 |
| 13. | Пригушници од 125 W(отворени) | п. | 70 |
| 14. | Пригушници од 80 W | п. | 20 |
| 15. | Заштитни стакла | п. | 850 |
| 16. | Запалки за сијалици од 400 W | п. | 30 |
| 17. | Постоље за ножасти осигурачи ПК 1 | п. | 15 |
| 18. | Ножасти осигурачи НБ 1 | п. | 30 |
| 19. | Фасонки Е-40 | п. | 20 |
| 20. | Фасонки Е-27 | п. | 250 |
| 21. | Склопки CN-16 | п. | 25 |
| 22. | Склопки CN-25 | п. | 10 |
| 23. | Склопки CN-40 | п. | 5 |
| 24. | Склопки CN-100 | п. | 5 |
| 25. | Склопки CN-63 | п. | 6 |
| 26. | Склопки K-63 | п. | 6 |
| 27. | Форели | п. | 20 |
| 28. | Силикон жица 2,5 мм | м. | 100 |
| 29. | Обична жица 1,5 мм | м. | 400 |
| 30. | Обична жица 2,5 мм | м. | 100 |
| 31. | Обична жица 6 мм | м. | 10 |
| 32. | Кабел 2 x 1,5 | м. | 50 |
| 33. | Пластични топки Ф-500 | п. | 30 |
| 34. | Пластични топки Ф-400 | п. | 30 |
| 35. | Алко клеми | п. | 50 |
| 36. | Патрони осигурачи 25 а. | п. | 50 |
| 37. | Јаже ал-че 35 мм | м. | 200 |
| 38. | Самоносив кабел XOO/A 2x16мм | м. | 100 |
| 39. | Трофазно еднотарифно броило 380V/40A | п. | 10 |
| 40. | Монофазно еднотарифно броило 220V/20A | п. | 10 |

4. Програмата ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Прилеп„.

Број 07 - 1552/8 — ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.11.2004 година — на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п — Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛНИ ВОДОВОДИ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА И ИЗГРАДБА НА КОЛЕКТОРИ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП ВО 2005 ГОДИНА

1. Програмата за изградба на локални водоводи во населените места и изградба на колектори во Општина Прилеп во 2005 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1574/8 — ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2004 година — на Општина Прилеп
П р и л е п — Сашо Пиргоноски

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 26 точка 14 од Статутот на Општина Прилеп („Сл.гласник на Општина Прилеп„ бр.6/03), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 22.11.2005 година, донесе:

## П Р О Г Р А М А
за изградба на локални водоводи и колектори во населените места, ридско-планински и стопански недоволно развиени подрачја во Општина Прилеп за 2005 година

На територијата на Општина Прилеп општа е констатацијата дека поголем дел на населените места се снабдуваат со хигиенски неисправна вода за пиење при што во летниот период капацитетот на вода е многу мал, па во никој случај не ги задоволува ни минималните потреби од вода за населението.

Што се однесува до канализационата мрежа во населените места во Општина Прилеп и регулација на Градската река, состојбите на истите не ги задоволуваат потребите за минимално урбано живеење во општината.

Имајќи ја предвид ваквата состојба, Советот и Градоначалникот на Општината, во рамките на своите надлежности и можности, презема активности за изградба на локални системи за водоснабдување на населените места и за изградба на канализациони системи и регулација на коритото на Градската река.

Со оглед на состојбата, интересот и изградба на водоводи кај локалното население е голем и нивната ангажираност е драгоцена.

Меѓутоа треба да се нагласи дека со оглед на финансиските можности на населението, а од друга страна релативно високите вредности за изградба на овие објекти, во голема мера се доведува во прашање изградбата на овие објекти, без финансиска подршка од државата.

Имајќи ги во предвид потребите, можностите, иницијативите од локалното население и од подготвената техничка документација, во текот на 2005 година на полето на изградбата на локални водоводи и колекторски системи ќе се ангажира на следните објекти:

**1. В О Д О В О Д И:**

1.1. с. Штавица-доизградба
1.2. с.Големо Радобил - доизградба
1.3. с. Волково - доизградба
1.4. с. Прилепец
1.5. с. Лениште
1.6. с. Мало Радобил
1.7. с. Присад
1.8. с. Никодин
1.9. с.Тројаци
1.10. с.Топлица
1.11. с.Мало Рувци
1.12. с.Ракле

**2. КАНАЛИЗАЦИОНИ СИТЕМИ И МАЛИ ПРЕЧИСТИТЕЛНИ СТАНИЦИ:**

2.1.Мало Коњари
2.2.Големо Коњари
2.3.Кадино село
2.4.Галичани
2.5.Беровци
2.6.Мажучиште
2.7.Селце
2.8.Ново Лагово
2.9.Оревоец

**3. РЕГУЛАЦИЈА НА ГРАДСКА РЕКА**

**Во изградбата на водоснабдителните објекти за населените места ќе учествуваат:**

1. Државата
2. Општината
3. Локалното население

- За регулација на Градската (Оревоечка) река потребните средства се очекуваат од Буџет на Републиката и од други извори, донации од Меѓународни организации.

При реализирањето на програмата да се почитува приоритетот како што е наведено во Програмата.

Оваа Програма преставува основа за изградба на водоснабдителни објекти и колектори и барање на финансиски средства од државата.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласик на Општина Прилеп„.

Број 07 - 1552/9
22.11.2004 год.
П р и л е п

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Прилеп
Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ВОДИ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП ВО 2005 ГОДИНА**

1. Програмата за испитување на води во населените места во Општина Прилеп во 2005 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1574/9
25.11.2004 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Сашо Пиргантоски

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на

РМ,, бр.5/02) и член 26 точка 14 од Статутот на Општина Прилеп („Сл.гласник на Општина Прилеп,, бр.6/03), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 22.11.2004 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**

за испитување на води во населените места во Општина Прилеп

**ОПШТО:**

Према сите испитувања на Законот за здраствена заштита во последните неколку години општа констатација према добиените резултати за исправност на водите за пиење е дека голем дел од населените места се снабдуваат со хигиенски неипсравна вода за пиење при што во летниот период капацитетот на вода е многу мал па во никој случај не ги задоволува на минималните потреби од вода за населението.

Со оглед на состојбата, интересот за изградба на водоводи кај локалното население е голем и нивната ангажираност е драгоцена.

Меѓутоа, треба да се нагласи дека со оглед на финансиските можности на населението, а од друга страна релативно високите вредности за испитување на водите во населените места и градот Прилеп се доведуваат во прашање сите активности за извршување на потребните работи за испитување на водите во Општина Прилеп без финансиска подршка од државата.

**П Р О Г Р А М А**

Имајќи ги во предвид потребите, можностите и иницијативите од локалното население, Општина Прилеп во текот на 2005 година планираат ангажирање на сопствени средства и средства на Републиката и други донации за испитување и наоѓање на нови води за пиење за следните населени места:

1. Град Прилеп
2. Н.м. Мало Радобил
3. Н.м. Прилепец
4. Н.м. Лениште
5. Н.м. Присад
6. Н.м. Тројаци
7. Н.м. Никодин
8. Н.м. Ракле
9. Н.м. Старо Лагово
10. Н.м. Мало Рувци

Оваа Програма претставува основа на испитување на води за пиење за водоснабдителни објекти и барање на финансиски средства од државата и други донации.

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Прилеп,,.

Број 07 - 1552/10
22.11. 2004 год.
П р и л е п

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Прилеп
Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2005 ГОДИНА**

1. Решението за усвојување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Прилеп за 2005 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1574/10
25.11.2004 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Сашо Пирганоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 26 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 22.11.2004 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за усвојување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улиците во Општина Прилеп за 2005 година

1. Се усвојува Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улиците во Општина Прилеп за 2005 година.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1552/11
22.11.2005 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОБЈЕКТИ ВО РИДСКО-ПЛАНИНСКИТЕ ПОДРАЧЈА, ФИНАНСИРАНИ ОД БИРОТО ЗА СТОПАНСКИ НЕРАЗВИЕНИ ПОДРАЧЈА, ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2005 ГОДИНА**

1. Решението за усвојување на Програмата за изградба и реконструкција на објекти во ридско-планинските подрачја, финансирани од Бирото за стопански неразвиени подрачја, во Општина Прилеп за 2005 година, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”

Број 08 – 1574/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пиргоноски

Врз основа на член 43 точка 3 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 26 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 22.11.2004 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Програмата за изградба и реконструкцијана објекти во ридско-планинските подрачја во Општина Прилеп финансирани од Бирото за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја за 2005 година

1. Се усвојува Програмата за изградба и реконструкција, на објекти во ридско-планинските подрачја во Општина Прилеп финансирани од Бирото за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја, за 2005 година.

2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1552/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.11.2004 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЦИ КОИ СЕ СМЕТААТ ЗА ДЕЛ ОД МАГИСТРАЛНИ И РЕГИОНАЛНИ ПАТИШТА**

1. Решението за усвојување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на улици кои се сметаат за дел од магистрални и регионални патишта, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1574/12 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пиргоноски

Врз основа на член 43 точка 3 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 26 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 22.11.2004 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на улици кои се дел од магистрални и регионални патишта кои поминуваат низ град Прилеп и населените места во Општина Прилеп за 2005 година

1. Се усвојува Програмата за изградба, реконструкција и одржување на магистрални и регионални патишта кои поминуваат низ град Прилеп и населените места во Општина Прилеп за 2005 година.

2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1552/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.11.2004 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ОПЕРАТИВНАТА - ПРОГРАМА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ЗИМСКАТА СЛУЖБА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП, ЗА СЕЗОНАТА 2004/2005 ГОДИНА**

1. Решението за усвојување на Оперативната - Програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на Општина Прилеп, за сезоната 2004/2005 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1574/13 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2004 година на Општина Прилеп
Прилеп Сашо Пирганоски

Врз основа на член 43 точка 3 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 26 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 22.11.2004 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за усвојување на Оперативната Програмата за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на Општина Прилеп за сезоната 2004/2005 година

1. Се усвојува Оперативната Програмата за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на Општина Прилеп за сезоната 2004/2005 година.

2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп.

Број 07 - 1552/14 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.11.2004 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС НА ПАТОТ Р - 513, МАКЕДОНСКИ БРОД, ПАТ ПРИЛЕП - ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за донесување на Генерален урбанистички план за стопански комплекс на патот Р - 513, Македонски Брод, пат Прилеп - Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1574/14 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2004 година на Општина Прилеп
Прилеп Сашо Пирганоски

Врз основа на член 22 став 3 и 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Слsжбен весник на РМ" бр. 4/96,28/97, 18/99 76/99, 53/2001 и 45/02), член 22 став 1 точка 1 и член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 14 став 1, точка 1 и член 26 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/03), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 22.11.2004 година донесе :

ОДЛУКА

За донесување на Генерален урбанистички план за стопански комплекс на патот Р - 513, - Македонски Брод пат Прилеп - Општина Прилеп.

Член 1

Со оваа Одлука се врши донесуање на Генерален урбанистички план за стопански комплекс на патот Р - 513 - Македонски Брод пат Прилеп - Општина Прилеп, како што е означено во графичките прилози кои се составен дел на оваа Одлука.

Планот го опфаќа локалитетот во К.О. Варош - Општина Прилеп, со граници : започнува од источната граница на к.п. 822/1, оди по неа, потоа оди по источната страна на к.п. 822/2, па по осовината на регулираната јаруга кон југозапад до пресекот со осовината на средната јаруга оди по неа кон север, потоа по северната граница на к.п. 710/10 и к.п. 710/9, потоа оди кон југозапад по осовината на регулираната јаруга, између овој комплекс и Институтот за рутун до пресекот со источната граница на к.п. 822/1 од каде почнува границата.

Член 2

Планот од член 1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

- Извод од Програмата каде е предвиден планот да се изработува :

Програмата за донесување, изменувања и дополнивања на

Урбанистичките планови во Општина Прилеп за 2004год.

- Нацрт на план - Генерален урбанистички план за стопански комплекс на патот Р - 513 - Македонски Брод пат Прилеп - Општина Прилеп. бр. 24-110/1 од 30.01.2004год.

- Стручна ревизија на Нацрт планот, Генерален урбанистички план за стопански комплекс на патот Р - 513 - Македонски Брод пат Прилеп - Општина Прилеп. бр. 24-110/2 од 30.01.2004год.

- Извештај за постапување по стручната ревизија - Одговор на стручната ревизија на Нацрт планот - Генерален урбанистички план за стопански комплекс на патот Р - 513 - Македонски Брод пат Прилеп - Општина Прилеп бр. 24-110/3 од 30.01.2004год.

- Стручно мислење од Секторот за уредување на просторот при Министерството за транспорт и врски, по Нацрт планот - Генерален урбанистички план за стопански комплекс на патот Р - 513, - Македонски Брод пат Прилеп - Општина Прилеп бр. 24-110/5 од 27.02.2004год.

- Одлука за организирање на Стручна расправа по Нацрт планот - Генерален урбанистички план за стопански комплекс на патот Р - 513, - Македонски Брод пат Прилеп - Општина Прилеп бр. 08-556/1 од 27.04.2004год.

- Извештај за Стручната расправа за Нацрт планот Генерален урбанистички план за стопански комплекс на патот Р - 513, - Македонски Брод пат Прилеп - Општина Прилеп бр. 24-110/12 од 25.06.2004год.

- Известување за постапување по Извештајот за Предлог планот, Генерален урбанистички план за стопански комплекс на патот Р - 513, - Македонски Брод пат Прилеп - Општина Прилеп бр. 24-110/14 13.09.2004год. и бр. 24-110/18 од 27.10.2004год.

**- Согласност од Министерството за транспорт и врски - Сектор за уредување на просторот Скопје бр. 24-110/20 од 12.11.2004год.**

- Комплетен примерок од Предлог планот Генерален урбанистички план за стопански комплекс на патот Р - 513, - Македонски Брод пат Прилеп - Општина Прилеп бр. 24-110/13 од 31.08.2004год.

1. - Планирана состојба

**- Текстуален дел**

**- Урбан опфат**

**- намена на површините**

**- заштита и унапредување на животната средина во планскиот период**

**- комунална инфраструктура : сообраќа ј, елетрика, водовод, канализација, ПТТ мрежа**

**- основни параметри за уредување на просторот**

**- Графички прилози**

**1. Синтезен план 1: 2500**

**2. Синтезен план, сообраќајно решение 1: 2500**

**3. Планиарна инфраструктура, водовд, канализација, електрична и ПТТ мрежа 1: 2500**

2. Документациона основа

**- Текстуален дел**

**1. Причини за изработка на овој ГУП**

**2. Процес на изработка на ГУП**

**3. Природни карактеристики**

**4 Инфраструктура**

**- Графички прилози**

**1. Пошироко градско опкружување сегашна општина Прилеп 1: 100 000**

**2. Извод од ГУП 1 : 5000**

**2. Намена на површини 1: 5000**

**Член 3**

**Планот се заверува во рок од 8 дена од денот на донесувањето.**

**Заверката со потпис и печат ќе ја изврши Претседателот на Советот на Општина Прилеп.**

**Член 4**

**Планот ќе го спроведува Министерството за транспорт и врски - Подрачна единица Прилеп, врз основа на добиената Соглсност бр. бр. 24-110/20 од 12.11.2004год. од МТВ - Сектор за уредување на просторот Скопје и оваа Одлука.**

**Член 5**

**Оваа Одлука со заверен примерок од донесениот План се доставува до Министерството надлежно за работите на уредување на просторот.**

**Член 6**

**Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".**

**Број 07 - .1552/15**
**22.11.2004 година**
**П р и л е п**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Советот на Општина Прилеп**
**Борис Ристески**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС ЈУГОЗАПАДНО ОД ПАТОТ Р - 513,**

**МАКЕДОНСКИ БРОД, ПАТ ПРИЛЕП - ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за донесување на Генерален урбанистички план за стопански комплекс југозападно од патот Р - 513, Македонски Брод, пат Прилеп - Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1574/15 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пирганоски

Врз основа на член 22 став 3 и 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 4/96,28/97, 18/99 76/99, 53/2001 и 45/02), член 22 став 1 точка 1 и член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 14 став 1, точка 1 и член 26 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/03), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 22.11.2004 година донесе :

ОДЛУКА
За донесување на Генерален урбанистички план за стопански комплекс југозападно од патот Р - 513, пат Прилеп - М. Брод - Општина Прилеп

Член 1

Со оваа Одлука се врши донесуање на Генерален урбанистички план за стопански комплекс југозападно од патот Р - 513, пат Прилеп - М. Брод - Општина Прилеп, како што е означено во графичките прилози кои се составен дел на оваа Одлука.

Планот го опфаќа локалитетот во К.О. Варош - Општина Прилеп, со граници : започнува од вкрсната точка на земјениот пат со регионалниот пат Р-513 на исток и оди по осовината на Р- 513, кон запад до западна граница на к.п.1810, до пресек со земјен пат, оди по истиот до пресек со суводолицата-јаруга, свртува по неа кон југ и оди до прсекот со дргиот земјан пат и свртува кон исток по осовината на истиот или јужните граници на к.п. 1946,1947,1951, потоа оди по источната страна на к.п. 1941 кон север до пресекот со регионалниот пат Р-513

Член 2

Планот од член 1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

- Извод од Програмата каде е предвиден планот да се изработува : Програмата за донесување, изменувања и дополнивања на Урбанистичките планови во Општина Прилеп за 2004год.

- Нацрт на план - Генерален урбанистички план за стопански комплекс југозападно од патот Р - 513, пат Прилеп - М. Брод - Општина Прилеп бр. 24-147/1 од 06.02.2004год.

- Стручна ревизија на Нацрт планот, Генерален урбанистички план за стопански комплекс југозападно од патот Р - 513, пат Прилеп - М. Брод - Општина Прилеп бр. 24-147/2 од 06.02.2004год.

- Извештај за постапување по стручната ревизија - Одговор на стручната ревизија на Нацрт планот; Генерален урбанистички план за стопански комплекс југозападно од патот Р - 513, пат Прилеп - М. Брод - Општина Прилеп бр. 24-147/3 од 06.02.2004год.

- Стручно мислење од Секторот за уредување на просторот при Министерството за транспорт и врски, по Нацрт планот - Генерален урбанистички план за стопански комплекс југозападно од патот Р - 513, пат Прилеп - М. Брод - Општина Прилеп. бр. 24-176/2 од 22.03.2004год.

- Одлука за организирање на Стручна расправа по Нацрт планот - , Генерален урбанистички план за стопански комплекс југозападно од патот Р - 513, пат Прилеп - М. Брод - Општина Прилеп. бр. 08-886/1 од 02.07.2004год.

- Извештај за Стручната расправа за Нацрт планот - Генерален урбанистички план за стопански комплекс југозападно од патот Р - 513, пат Прилеп - М. Брод - Општина Прилеп. бр. 24-147/11 од 15.07.2004год.

- Известување за постапување по Извештајот за Предлог планот , Генерален урбанистички план за стопански комплекс југозападно од патот Р - 513, пат Прилеп - М. Брод - Општина Прилеп. бр. 24-147/13 15.09.2004год. и бр. 24-147/17 од 27.10.2004год.

- Согласност од Министерството за транспорт и врски - Сектор за уредување на просторот Скопје бр. 24-147/19 од 12.11.2004год.

- Комплетен примерок од Предлог планот, Генерален урбанистички план за стопански комплекс југозападно од патот Р - 513, пат Прилеп - М. Брод - Општина Прилеп. бр. 24-147/11 од 03.09.2004год.

1. - Планирана состојба
- Текстуален дел
- Урбан опфат
- намена на површините
- заштита и унапредување на животната средина во планскиот период
- комунална инфраструктура : сообраќа ј, елетрика, водовод, канализација
- параметри за уредување на просторот
- Графички прилози

1. Синтезен план 1: 2500
2. Синтезен план, сообраќаен план, водовд, канализација,
електрична и ПТТ мрежа 1: 2500
2. Документациона основа
- Текстуален дел
1. Причини за изработка на овој ГУП
2. Процес на изработка на ГУП
3. Природни карактеристики
4 Инфраструктура
- Графички прилози
1. Пошироко градско опкружување
сегашна општина Прилеп 1: 100 000
2. Намена на површини 1: 5000

Член 3

Планот се заверува во рок од 8 дена од денот на донесувањето.
Заверката со потпис и печат ќе ја изврши Претседателот на Советот на Општина Прилеп.

Член 4

Планот ќе го спроведува Министерството за транспорт и врски - Подрачна единица Прилеп, врз основа на добиената Соглсност бр. бр. 24-147/19 од 12.11.2004год. од МТВ - Сектор за уредување на просторот Скопје и оваа Одлука.

Член 5

Оваа Одлука со заверен примерок од донесениот План се доставува до Министерството надлежно за работите на уредување на просторот.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - .1552/16 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.11.2004 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПРИДРУЖНИ И УСЛУЖНИ ОБЈЕКТИ И ДРУГИ СТОПАНСКИ КОМПЛЕКСИ НА ПАТОТ М - 5, БИТОЛА ПРИЛЕП - ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за донесување на Генерален урбанистички план за придружни и услужни објекти и други стопански комплекси на патот М - 5, Битола Прилеп - Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1574/16 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2004 година на Општина Прилеп
Прилеп Сашо Пирганоски

Врз основа на член 22 став 3 и 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 4/96,28/97, 18/99 76/99, 53/2001 и 45/02), член 22 став 1 точка 1 и член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен. весник на РМ" бр. 5/02) и член 14 став 1, точка 1 и член 26 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/03), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 22.11.2004година донесе :

**ОДЛУКА**
За донесување на Генерален урбанистички план за придружни и услужни објекти и други стопански комплекси на патот М 5, Битола - Прилеп, Општина Прилеп

Член 1

Со оваа Одлука се врши донесуање Генерален урбанистички план за придружни и услужни објекти и други стопански комплекси на патот М 5, Битола - Прилеп, Општина Прилеп како што е означено во графичките прилози кои се составен дел на оваа Одлука.

Планот го опфаќа локалитетот во К.О. Беровци, м. в. "Бучала", - Општина Прилеп, на к.п. бр. 1061/7, к.п. бр. 1061/8, к.п.бр. 1061/9, кп.бр.1062/4, кп.бр.1062/5, кп.бр.1062/6, кп.бр.1063/2, кп.бр.1063/3, кп.бр.1064/2, кп.бр.1064/3, кп.бр.1064/4, кп.бр.1064/5, кп.бр.1064/6, кп.бр.1067/7 сите во приватна сопственост а к.п. бр. 1061/2 и 1064/1 се сопственост на РМ.

Член 2

Планот од член 1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

- Извод од Програмата каде е предвиден планот да се изработува :
Програмата за донесување, изменувања и дополнивања на Урбанистичките планови во Општина Прилеп за 2004год.

- Нацрт на план - Генерален урбанистички план за придружни и услужни објекти и други стопански комплекси на патот М 5, Битола - Прилеп, Општина Прилеп бр. 24-944/1 14.07.2004год.

- Стручна ревизија на Нацрт планот, Генерален урбанистички план за придружни и услужни објекти и други стопански комплекси на патот М 5, Битола - Прилеп, Општина Прилеп бр. 24-944/2 16.07.2004год.

- Извештај за постапување по стручната ревизија - Одговор на стручната ревизија на Нацрт планот; Генерален урбанистички план за придружни и услужни

објекти и други стопански комплекси на патот М 5, Битола - Прилеп, Општина Прилеп бр. 24-944/3 16.07.2004год.

- Стручно мислење од Секторот за уредување на просторот при Министерството за транспорт и врски, по Нацрт планот - Генерален урбанистички план за придружни и услужни објекти и други стопански комплекси на патот М 5, Битола - Прилеп, Општина Прилеп бр. 24-944/5 17.09.2004год.

- Одлука за организирање на Стручна расправа по Нацрт планот - Генерален урбанистички план за придружни и услужни објекти и други стопански комплекси на патот М 5, Битола - Прилеп, Општина Прилеп бр. 08-1282/1 05.10.2004год.

- Извештај за Стручната расправа за Нацрт планот - Генерален урбанистички план за придружни и услужни објекти и други стопански комплекси на патот М 5, Битола - Прилеп, Општина Прилеп бр. 24-944/14 од 12.10.2004год.

- Известување за постапување по Извештајот за Предлог планот , Генерален урбанистички план за придружни и услужни објекти и други стопански комплекси на патот М 5, Битола - Прилеп, Општина Прилеп бр. 24-944/17 27.10.2004год.

- Согласност од Министерството за транспорт и врски - Сектор за уредување на просторот Скопје бр. 24-944/19 од 17.11.2004год.

- Комплетен примерок од Предлог планот, Генерален урбанистички план за придружни и услужни објекти и други стопански комплекси на патот М 5, Битола - Прилеп, Општина Прилеп бр. 24-944/16 од 25.10.2004год.

1. - Планирана состојба

- Текстуален дел
- Урбан опфат
- Намена на површините
- Систем на градба
- Заштита на животната средина
- Комунална инфраструктура , сообраќај, електрика, телефонска инсталација, водовод, канализациај, ППЗ заштита-
- Параметри за спроведување на планот
- Графички прилози

1. Поширока просторна диспозиција 1 : 250 000

1а. Фотокопие од Студија (елаборат за просторна организација на патните коридори 8,10 и 10а) со нанесена диспозиција на продружни и услужни објекти и други стопански комплекси и траса на патот М-5 Битола - Прилеп 1 : 100 000

1б. Синтезен план намена на површини 1: 2500

2. Синтезен план, сообраќајно решение , Планирана инфраструктура 1:2500

2. Документациона основа

- Текстуален дел
- Причини за изработка на ГУП
- Процес на изработка на ГУП
- Природни карактеристики
- Инфраструктура
- Графички прилози

1. Извод од просторен план на град Прилеп 1 : 50 000

2. Постојна намена на површини, постојна сообраќајна мрежа, постојна инфрсатруктура 1: 2500

Член 3

Планот се заверува во рок од 8 дена од денот на донесувањето.

Заверката со потпис и печат ќе ја изврши Претседателот на Советот на Општина Прилеп.

Член 4

Планот ќе го спроведува Министерството за транспорт и врски - Подрачна единица Прилеп, врз основа на добиената Соглсност бр. бр. 24-944/19 од 17.11.2004год. од МТВ - Сектор за уредување на просторот Скопје и оваа Одлука.

Член 5

Оваа Одлука со заверен примерок од донесениот План се доставува до Министерството надлежно за работите на уредување на просторот.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Прилеп.

Број 07 - 1552/17 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.11.2004 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИчКИ ПЛАН ЗА ГРАД ПРИЛЕП ЗА УРБАН БЛОК 2/2 ЗА УРБАН МОДУЛ 1

1. Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за град Прилеп за урбан

блок 2/2 за урбан модул 1, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1574/17
25.11.2004 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Сашо Пиргоноски

Врз основа на член 22 став 3 и 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 4/96,28/97, 18/99 76/99, 53/2001 и 45/02), член 22 став 1 точка 1 и член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 14 став 1, точка 1 и член 26 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/03), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 22.11.2004 година донесе :

ОДЛУКА

За донесување на Детален урбанистички план за град Прилеп за Урбан блок 2/2 за Урбан модул 1

Член 1

Со оваа Одлука се врши донесување на Детален урбанистички план за град Прилеп, за Урбан блок 2/2, за Урбан модул 1 2, како што е означено во графичките прилози кои се составен дел на оваа Одлука.

Планот го опфаќа локалитетот означен како Урбан блок 2/2, за Урбан модул 1 со граници: ул."Крагуевачка", ул."Борка Јорданоски " и новопроектираните улици.

Член 2

Планот од член 1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

- Извод од Програмата каде е предвиден планот да се изработува :

Програмата за донесување, изменувања и дополнивања на Урбанистичките планови во Општина Прилеп за 2003/2004год.

- Нацрт план на ДУП на Прилеп за Урбан блок 2/2, за Урбан модул 1. со граници: ул. "Крагуевачка", ул. "Борка Јорданоски " и новопроектираните улици бр. 24-1438/1 од 06.11.2003год.

